# УЧИ ОД ДОМА

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК**

### 6.04. ПОНЕДЕЛНИК

На денешниот час по Македонски јазик ќе се потсетиме на правата и одговорностите.

**ИМАМЕ ПРАВА, НО ИМАМЕ И ОДГОВОРНОСТИ**




**ТРЕБА ДА БАРАМЕ ДА СЕ ПОЧИТУВААТ НАШИТЕ ПРАВА, НО И ДА ГИ ИЗВРШУВАМЕ НАШИТЕ ДОЛЖНОСТИ!**

Прво разгледај ги сликите, а потоа прочитај ги гласно правата и должностите неколку пати. Работи во тетратка без линии. Одбери една слика од понудените и нацртај ја во тетратката, а потоа запиши го текстот на истата.

## 7.04. ВТОРНИК

Денес имаш лесна и интересна вежба:Отвори во учебникот на стр.142 разгледај ги предметите и именувај ги. Избери еден предмет и опиши го според следниве прашања:

Кој предмет го избра ти?

За што служи тој предмет?

Од кој материјал е направен предметот?

Кој најмногу го користи?

Прашањата препиши ги во тетратка и одговори ги со целосни реченици.

## 8.04. СРЕДА

Денешниот час по македонски јазик ќе го посветиме на Човекот и природата – пишувањеЕкопораки страна 166-167 во учебникот. Разгледај ги сликите и раскажи им на твоите родители на која слика имаме чиста средина, а на која загадена средина. Кој е виновен зошто местото е загадено? Колку ти внимаваш на човековата средина?

СО ЗАШТИТУВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА КОЈА НЕ ОПКРУЖУВА
ЈА ЗАШТИТУВАМЕ ЦЕЛАТА ПЛАНЕТА !



**Еве ви неколку совети:**

1. **Не фрлај го ѓубрето на земјата, туку во корпа за отпадоци.**
2. **Не уништувај ги и не загадувај ги растенијата!**
3. **Не фрлај ѓубре во водите.**
4. **Гранката не моли: ,,Не крши ме тоа боли!,,**
5. **Не гази ја тревата таа плаче под твоите нозе.**
6. **Фабричкиот оџак бара: ,,Поставете филтри, мојата рана е стара!,,**

Задача: Во тетратка препиши ги советите и научи ги!

## 9.04. ЧЕТВРТОК

Најпрво неколкупати потруди се да го прочиташ расказот ,,Девојчето со куклата,, со правилна интонација (биди исправен/а, за да може воздухот слободно да излегува од твоите гради, читај полека и внимавај на интерпункциските знаци)

Потоа прочитај го овој расказ пред своите родители, сигурно со задоволство ќе сакаат да те слушнат.

## 10.04. ПЕТОК

Последен час по македонски јазик за оваа седмица е прераскажување на расказот ,,Девојчето со куклата,,.Најпрво потсети се на расказот ,,Девојчето со куклата,, и прочитај го уште еднаш со правилна интонација.Кога ќе завршиш со читање, прераскажи го расказот во својата тетратка.

# НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **МАТЕМАТИКА**

## 6.04. ПОНЕДЕЛНИК

Денеска ќе решаваш задачи во учебникот трет дел на страна 32 каде треба да му помогнеш на секое животно да излезе од лавиринтот и да ја најде патеката по која треба да оди. Запиши колку свртувања под прав агол треба да направи.

Потоа ја решаваме и страна 33 во која се бара да се следат насоките за движење запишани во учебникот. Погледни го примерот кој е решен во горниот дел и обиди се да одговориш на дадените барања.

## 7.04. ВТОРНИК

Денеска ќе учиме за Пари (монети и банкноти)

- Книжните пари се наречени банкноти.
- Металните пари се наречени монети.

Твојата задача за денеска е да ги нацрташ следниве слики во тетратка и да ја запишеш вредноста на парите кои ти се потребни за да ја платиш играчката.

Пример  59 ден. (50) (5) (2) (2)

 40 ден.  15 ден  75 ден.  80 ден.

## 8.04. СРЕДА

И денеска ќе повториме за парите, ама низ игра. Организирајте игра на улоги „Продавница“. Се запишуваат цените на неколку производите, а учениците и родителите играат улоги на купувачи и продавачи.

## 9.04. ЧЕТВРТОК

За денешниот час треба да знаете да го одредите збирот на монети и банкноти потребни да се плати одреден износ до 100 денари и да се пресмета кусурот. Работи во учебникот трет дел страна 38. Доколку оваа страница е веќе решена, вежбај слични задачи во тетратката по коцки.

Пример - Пресметај колку кусур треба да ти даде продавачот од **100 ден.**

| | | |
|---|---|---|
|  65 ден | Кусур: | Монети: |
|  83 ден | Кусур: | Монети: |

## 10.04. ПЕТОК

За денешниот час треба да измислиме приказна за поставена задача вклучувајќи ги во тој контекст и парите.

**Пример:**

25 50 10 10

Ена во продавница купила сок од 25 ден, смоки од 10 ден. мастики од 10 ден. и млеко од 50 ден. Колку пари потрошила Ена во продавница?

Во тетратка по коцки запиши две текстуални задачи и реши ги.

НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **ПРИРОДНИ НАУКИ**

## 6.04. ПОНЕДЕЛНИК

За денешниот час треба само да се прочита во учебникот на страна 60-61, сончеви часовници.

## 10.04. ПЕТОК

Препиши го планот во својата тетратка:

Приказна за сенките

Сонцето изгрева на Исток, а заоѓана Запад.Сонцето е највисоконанеботокога е **пладне.**

- Утринските  сенки (на изгрејсонце) се долги.
- Дневните сенки се најкратки.
- Вечернитесенки (кога е зајдисонце) се долги како и утринските.

Потоа сработи ја страна 44 и 45 во работната тетратка (со жабата).

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **ОПШТЕСТВО**

### 8.04.  СРЕДА

Сигурно знаете што е тоа слободно време. **Слободното време е време што се користи за одмор од секојдневните работни задолженија.**
Погледнете ја презентацијата за семејството и слободното време. Потоа во тетратка нацртај што правиш ти во слободно време.

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

### 9.04. ЧЕТВРТОК

За денес потребно ти е: лист од блок, молив, водени или темперни бои.

Нацртај папагал и обој го по сопствена желба. Доколку дома чувате папагалче можеш да го нацрташ твојот папагал. Ако ти треба помош како да нацрташ папагал отвори го линкот подолу и ќе ти биде полесно цртањето.

https://opusteno.rs/slike/2014/05/crtanje-papagaja-22491/kako-nacrtati-papagaja-72.html

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ**

### 7.04. ВТОРНИК

Песна ''Пчелка ''Прочитај ја песната и слушни ја мелодијата!

**Пчелка**

Пчелко мила лекокрила
драга си ми знај
брм брм брм брм
драга си ми знај
брм брм брм брм
драга си ми знај.

Секој ден ти шириш крила
збираш цветен прав
брм брм брм брм
правиш сладок мед
брм брм брм брм

правиш сладок мед.

muzicko-pesna Pcelka.wma

## 9.04. ЧЕТВРТОК

Денеска повторно ќе ја слушаш песничката Пчелка со цел да ја научиш да ја пееш според нејзината мелодија.

## НАСТАВНИ СОДРЖИНИ ПО **ФИЗИЧКО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**

### Биди активен секој ден!

Вежбај ги комплекс вежбите за обликување на телото ( глава, врат, рамен појас, раце, половина и нозе)

- Танцова игра со музика
- Штафетни игри – фрлање во кош
- Дигање и носење (овошје и зеленчук)

- **ОСТАНИ ДОМА, ТУКА СИ НАЈСИГУРЕН!!!**
- **РЕДОВНО ПРОВЕТРУВАЈ, ЗА ДА МОЖЕ ЧИСТИОТ ВОЗДУХ ДА ВЛЕЗЕ ВО ТВОЈОТ ДОМ.**
- **МИЈ ГИ СВОИТЕ РАЧИЊА СО САПУНЧЕ И ТОПЛА ВОДА!**
- **СЛУШАЈ ГИ РОДИТЕЛИТЕТИЕ ТИ ГО МИСЛАТ НАЈДОБРОТО НА ОВОЈ СВЕТ!**

**Ве сака и мисли вашата наставничка!**